Врз основа на член 22, став 1, точка 8 и член 36, став 1, точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 5/02), член 101 од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 06/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 229/20), член 157, став 3 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19 и 229/20) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 3/09, 18/10, 15/14, 15/18, 6/19 и 08/21), а по предлог на Градоначалникот

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 14.11.2023 година ја донесе следната

# ПРОГРАМА
# ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА ВЕЛЕС ВО ОБЛАСТА НА ОБРАЗОВАНИЕТО ВО 2024 ГОДИНА

## I. ЦЕЛИ

Основни цели на оваа Програма се:

- Обезбедување активен однос на Советот на Општина Велес кон задоволување на потребите и интересите на граѓаните од областа на образованието;
- Изнаоѓање форми за ефикасно и економично одвивање на образовниот процес;
- Планирање на развојот на образованието;
- Подобрување на условите за обавување на образовниот процес;
- Создавање услови за развој на високото образование.

## II. АКТИВНОСТИ

Активностите на Општина Велес во областа на образованието во 2024 година ќе бидат насочени кон поттикнување, поддржување и помагање за остварување на целите на оваа Програма и тоа:

- Создавање на услови за поефикасно и поекономично одвивање на економскиот процес со реализирање на третата фаза од Новиот концепт за развој на образованието;
- Создавање услови за отворање на нови високообразовни институции.

| | Активности на Општина Велес за 2024 година | |
|---|---|---|
| | **НАЗИВ** | **Предвидени средства** |
| **1** | **АКТИВНОСТИ** | **1.765.000,00** |
| 1.1 | Прогласување на најдобар наставник по одделенска и предметна настава | 30.000,00 |
| 1.2 | Прогласување на најдобар наставник во средно образование | 15.000,00 |
| 1.3 | Прогласување најдобар ученик во основно образование | 10.000,00 |
| 1.4 | Прогласување најдобар ученик во средно образование | 10.000,00 |
| 1.5 | Еднократна парична помош за прваче | 1.700.000,00 |
| **2** | **ПОДДРШКА НА ПРОЕКТИ** | **200.000,00** |
| 2.1 | Учество на Општина Велес во партнерски проекти | 100.000,00 |
| 2.2 | Учество на Општина Велес во активности за унапредување на мултикутурализмот/интеркултурализмот и меѓуетничка интеграција | 100.000,00 |
| **3** | **ИНВЕСТИЦИИ** | **700.000,00** |
| 3.1 | Реконструкција и санирање на училишни објекти, санитарни јазли, кровни конструкции, топловодни системи, набавка на опрема и изготвување техничка и проектна документација, изградба и реконструкција на спортски објекти и терен, партерно уредување на дворно место во основни и средни училишта и ученички дом | 700.000,00 |
| **4** | **ТЕКОВНИ РАБОТИ** | **100.000,00** |
| 4.1 | Непредвидени трошоци | 100.000,00 |
| | **ВКУПНО** | **2.765.000,00** |

**1 ФИНАНСИРАЊЕ**

Активностите од областа на образованието утврдени со оваа Програма ќе се финансираат од средствата во Буџетот на Општина Велес за 2024 година, Министерството за образование и наука на Република Македонија, сопствени приходи на училиштата и од донации.

При реализирање на Програмата, Советот на Општина Велес ќе ги поддржи институции и граѓанските организации кои ќе реализираат проекти од областа на образованието, финансирани од други инвеститори – заинтересирани партнери, фондации, бизнис сектор и сл.

**2 ДРУГИ ФОРМИ НА АКТИВНОСТИ**

Други форми на активности со кои ќе се помага образованието се:

- Обезбедување стручна, техничка и друг вид поддршка со кадри и опрема со која располага општината;
- Создавање услови за воведување нови образовни профили во образовниот процес;
- Создавање услови за целосна опфатеност со интернатско сместување на учениците;
- Создавање услови за отворање повеќе високообразовни институции;
- Вклучување на општината во проекти на МОН, странски и домашни донатори.

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“, и ќе биде дадена на јавна расправа.

Број 25-4676/21
15.11.2023 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Зоран Љутков